Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

**Бр. 13-1797/4 од 22.03.2021 год.**

**( врска бр. 13-222 од 2018 год.)**

Врз основа член 24 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ бр. 51/05, 137/07,91/09, 124/10, 18/11, 53 /11,144/12 ,55/13,163/13 и 42/14"), и член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 58 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Сл.гласник на Кисела Вода бр.01/2020"), и донесената програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2014 година со Одлука бр. 08-6309/7 од 17.12.2013 година, програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2015 година со бр.08-3449/10 од 02.12.2014 година , програма (ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2016 година со бр.09-9531/12 од 23.12.2015 година, програма (ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2017 година со бр.09-9108/5 од 11.11.2016 година, програма (ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2018 година со бр.09-7848/10 од 28.11.2017 година ,програма (ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2019 година со бр.09-10814/4 од 25.12.2018 година и програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2020 година со решение бр. 08-10497/10 од 31.12.2019 година и Годишна програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2021 година со решение бр. 09-9341/4 од 30.12.2020 година за изработка на Детален урбанистички план за Градска четврт Ј20,Блок Ј20.10, Градоначалникот на Општина Кисела Вода донесе:

## О Д Л У К А

за организирање на јавна анкета и јавна презентација
за Детален урбанистички план за Градска четврт Ј20,Блок Ј20.10 , Општина Кисела Вода, - Предлог план
Плански период 2015-2020

**Член 1**

Се организира јавна анкета и јавна презентација за Детален урбанистички план за Градска четврт Ј20,Блок Ј20.10 , Општина Кисела Вода, - Предлог план,Плански период 2015-2020.

**Член 2**

Јавната анкета за Детален урбанистички план за Градска четврт Ј20,Блок Ј20.10 , Општина Кисела Вода, - Предлог план,Плански период 2015-2020.

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

ќе се спроведе со излагање на Предлог планот во просториите на Општина Кисела Вода (барака 7) –Голема сала, како и на веб страната на Општина Кисела Вода www.kiselavoda.gov.mk

**Член 3**

Јавната анкета ќе се одржи од **31.03.2021 – 15.04.2021**, објавено во Соопштението за организирање на јавна анкета и јавна презентација Детален урбанистички план за Градска четврт Ј20,Блок Ј20.10 , Општина Кисела Вода, - Предлог план,Плански период 2015-2020. Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да достават забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во архивата на Општина Кисела Вода (барака 6 ) .

**Член 4**

Јавна презентација за Детален урбанистички план за Градска четврт Ј20,Блок Ј20.10, Општина Кисела Вода, - Предлог план,Плански период 2015-2020, ќе се спроведе со стручно презентирање на планот во барака 7 – Голема сала, Општина Кисела Вода на 05.04.2021 година ( понеделник ) во 10:00 часот.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода".

ГРАДОНАЧАЛНИК

На Општина Кисела Вода

Филип Темелковски